Број: 11 - 9395/14
Датум: 24.11.2026 година
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 249/26), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

О Д Л У К А
за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по пат на интерен оглас

1. За извршител за работното место – УПР0101В02000, **Виш соработник – Подготовка на процедури за работни процеси од областа на финансиско управување и контрола**, во Одделение за буџетска координација, во Сектор за финансиски прашања, се избира кандидатот **Билјана Јованоска.**
2. Именуваниот од точка 1 на оваа одлука ќе биде унапреден на работното место по завршување на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

О б р а з л о ж е н и е

Во согласност со член 48 од Законот за административните службеници, на 16.11.2026 година на веб страната на Општина Карпош и на веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас бр.01/2026 за унапредување на работно место – **Виш соработник – Подготовка на процедури за работни процеси од областа на финансиско управување и контрола**, во Одделение за буџетска координација, во Сектор за финансиски прашања. Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение бр.11-9395/10 од 23.11.2026 година, донесено од страна на Градоначалникот на Општина Карпош изготви ранг – листа, што со Записник бр. 04-9395/12 од 24.11.2026 година, ја достави до Градоначалникот на Општина Карпош.

Врз основа на Записникот со ранг – листата, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на Општина Карпош.

Изработил: Н.Таневски
Проверил: С.Чамевска

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Сотир Лукровски

Доставено до:
- Именуваната,
- Одделението за човечки ресурси и
- Архивата на Општина Карпош.